


# СЕНИОР СОРАБОТНИК ЗА ЛОЈАЛНОСТ И ПАРТНЕРСТВА СО ТРГОВЦИ
## Senior Associate Loyalty and Partnerships

**Локација:** СКОПЈЕ

**Дирекција:** ДИРЕКЦИЈА ЗА МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ

**Служба:** Служба за маркетинг и комуникации

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**35 експозитури**

**повеќе од 200.000 клиенти во земјата**

**посветеност, кредибилет и сигурност**

## Што ќе биде твојата улога

- Развој на стратегија за партнерства со трговци, планирање и унапредување на концептот и структурата на програмите за клиентска лојалност, дефинирање и реализација на годишен план за работа
- Креирање комплексни продажни концепти, напредни активации и препознавање нови пазарни можности
- Развивање и спроведување програми за обука и поддршка на продажни тимови на партнерски трговци и интерни тимови
- Подготвување детални извештаи, длабински анализи и препораки засновани на KPI, податоци и пазарни трендови
- Креирање на буџет за партнерства, следење и менаџирање на месечно ниво како и проекции за идна динамика на буџетот
- Идентификување, иницирање и развивање на стратешки партнерства со релевантни компании и водење целосен процес на договорно формализирање и имплементација на партнерски соработки
- Водење комплексни преговори со партнери, договарање стратешки услови, буџети и долгорочни бенефиции за клиенти и трговци
- Изградба и одржување на клучни партнерски релации, следење исполнување на договорни обврски и предлог-механизми за нивно унапредување
- Подготвување документација за партнерски соработки (понуди, ROI анализи, процени на ефекти, договори, одлуки)
- Стратешка соработка со тимот во рамки на Дирекција за мултиканална промоција (веб, мобилна апликација, е-пошта, социјални медиуми)
- Координирање на организација на настани, промоции и активности за потребите на маркетинг тимот и партнерите
- Иницира оптимизации на комуникациски процеси и промотивни механизми.

## Кои квалификации се потребни

- ВСС, Економски Факултет, Факултет за менаџмент и бизнис администрација, Маркетинг менаџмент
- Претходно работно искуство: минимум 3–5 години искуство во продажба и услуга на клиенти, програми за лојалност или партнерства
- Предност ќе имаат кандидати со искуство во продажба, искуство во работа со платежни картички, специјалисти со прецизно познавање на спецификите на платежните картички во корелација со потребите на клиентите, искуство во градење продажна стратегија за платежни картички.
- Напредни дигитални вештни особено напредно ниво на работа со ексел
- Активно знаење на англиски јазик
- Високо ниво на професионална етика
- Напредно ниво на комуникациски, преговарачки и презентациски вештини
- Способност за стратешко планирање, ориентираност кон тимска соработка и резултати
- Лидерски вештини и способност за менторство и обука на колеги во тимот
- Способност за следење и анализа на податоци, планирање и менаџирање со буџет
- Способност за адаптација на предложените решенија со стратешката ориентација на Банката
- Ориентација кон клиенти и способност за градење и одржување долгорочни односи
- Проактивен пристап во идентификација на пазарните можности, аналитичен пристап и фокус на детали, развој на иновативни решенија, прецизност и одговорност
- Способност за управување со повеќе задачи паралелно
- Флексибилност и адаптабилност во динамична работна средина
- Возачка дозвола, Б категорија

## Кои ќе бидат твоите придобивки

- Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Приватно здравствено осигурување
- Конкурентна плата и дополнителни надоместоци
- Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, ангажманот, но и тимскот дух
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee´s wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивациско писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **23.11.2025 година** со назнака **„Апликација за СЕНИОР СОРАБОТНИК ЗА ЛОЈАЛНОСТ И ПАРТНЕРСТВА“.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината**

Те очекуваме!